Врз основа на член 29 став 1 од Законот за даноците на имот („Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и 151/21) и член 3 став 1 точка 1 од Законот за комуналните такси („Сл. весник на РМ„ бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16), Општината Ранковце објавува

Јавна покана:

За поднесување на даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2022 година и поднесување на пријава за утврдување на комунална такса за фирма (назив) на деловна просторија односно фирмарина за 2022 година.

Даночната пријава за утврдување на данок на имот за 2022 година (образец ДИ) поднесува даночен обврзник (правно и физичко лице) и тоа за:

1. Имотот што го стекнал или почнал да го користи во текот на 2021 година, а за кој нема поднесено даночна пријава (нов даночен обврзник, дополнително стекнат имот кој подлежи на оданочување и сл.)
2. Имотот кај кој настанала промена во сопственоста (отуѓување и сл.).
3. Имотот кај кој настанала промена во вредноста (доградба, надградба, довршување, проширување и сл.)

Сите даночни обврзници (правни и физички лица) кои поседуваат имот што се оданочува, а кои во период од 1994 до 2021 година не поднеле даночна пријава за утврдување на данок на имот.

Даночна пријава се поднесува до Општината Ранковце – Одделение за даноци и такси на чие подрачје се наоѓа имотот најдоцна до 30 јуни 2022 година.

Напомена: Даночниот обврзник кој поднел даночна пријава за период од 1994 до 2021 година, а кој нема промена во сопственоста или вредноста на имотот не поднесува нова даночна пријава.

Даночните обрврзници кои нема да поднесат даночна пријава воопределените рокови по оваа ЈАВНА ПОКАНА, ќе се казнат со парична казна засторените прекршоци согласно Законот за даноците на имот.

Пријавата за утврдување на комунална такса за фирма (назив) на деловнапросторија односно фирмарина поднесуваат таксените обврзници (самостојнивршители на дејност и правните лица) и тоа за:

1. Регистрирана фирма (назив) на деловна просторија односно деловна единица за обавување на соодветна дејност кои досега немаат поднесено пријава до надлежниот орган за утврдување на обврската по основ на комунална такса.
2. Таксените обврзници кои имаат поднесено пријава за утврдување на обврската по основ на комунална такса за фирма (назив) на деловна просторија односно деловна единица кај кои во досегашниот период постојат промени.

**Интегрално соопштение: Одделение за финансиски прашања при Општина Ранковце**